Нова Македонија, 06.09.96, бр 17826, 11

стерството за култура, контактираат во надвор – низ медиумите. Велат се „збиваат

**НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ СИМПОЗИУМ ЗА СКУЛПТОРИ ВО МАНЧЕСТЕР**

# Искра Димитрова со „Таламос III"

На интернационалниот симпозиум Neither Norwest, International Sculpture Initiative, што се одржуваше во текот на минатиот месец во Манчестер, Велика Британија, зеде учество и македонската склупторка Искра Димитрова. Нејзиното учество на Интернационалниот симпозиум, во кој беа вклучени и уметници од Франција, Германија, Шведска, Кореја, Чешка, Англија и Австралија, значеше изведба на уметнички проект и учество како предавач на симпозиумот.

Во рамки на овој симпозиум беа отворени три изложби, а во рамките на една од нив – во Рочдејл галеријата – со својата инсталација „Таламос III", се претстави Димитрова.

Инсталацијата „Таламос I" на Димитрова, беше поставена на изложбата „Чифте Амам 2", во текот на мај, а „Таламос II" на Биеналето на млади, што се одржа во Вршац, СР Југославија, каде македонските уметници беа гости.

Е.Е.



„Таламос III" во Рочдејл галеријата